**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**ул.„Битолска“ бр.8 7240 Демир Хисар**
**demirhisar@demirhisar.gov.mk**
**047 552 661**

бр. 08-1157/2
25.11.2025
Општина
Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 алинеја 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и 202/24) како и членовите 94 став 3 и 139 став 2 точка 16 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) , а во врска со Правилата за работа на месните заедници во Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.14/13 и 16/13), Градоначалникот на Општина Демир Хисар го донесе следново:

# УПАТСТВО

## За спроведување на избори во месните/урбани заедници во Општина Демир Хисар за 2025 година

- Спроведувањето на изборите во месните/урбани заедници на општина Демир Хисар ќе се врши согласно Законот за локална самоуправа, Правилата за работа на месните заедници на општина Демир Хисар, Статутот на општина Демир Хисар и Одлуката на Градоначалникот за распишување на избори во месните/урбани заедници во Општина Демир Хисар,
- Сите потребни материјали за спроведување на изборниот процес ќе бидат доставени до месните/урбани заедници а доколку се појави потреба за дополнителни, истите може да се подигнат во општина Демир Хисар,
- Материјалите да се дополнат со името на месната/урбана заедница, местото и часот на одржување на Собирот на граѓани,
- Изборите се одржуваат на Собир на граѓани, односно со повик до сите полнолетни граѓани да присуствуваат на изборните состаноци,
- Препорачан датум за одржување на изборите е **08.12.2025 година (понеделник)**, кој е неработен ден, поради запазување на унифицираноста на постапката,
- Одлуката ина Градоначалникот на Општина Демир Хисар за распишување на изборите, како и Дневниот ред за Собирите на граѓани, задолжително мора да биде објавена на повеќе јавни места во месната/урбана заедница, со цел информирање на граѓаните во што поголем број да присуствуваат на Собирот на граѓани,

- Собирот на граѓани избира 3-7 членови на Советот на месната/урбана заедница, кои потоа од својот состав бираат Претседател на месната/урбана заедница со мандат од 4 години,
- Доколку нема доволен број на жители или пак заинтересирани за членување во Совет на месната/урбана заедница, на Собирот на граѓани се бира само Претседател на Собирот на граѓани, кој воедно е и претседател на месната/урбана заедница,
- Досегашниот Претседател на месната/урбана заедница (доколку не е избран повторно), сите материјали поврзани со работењето на месната/урбана заедница, заедно со печатот ги предава на новиот Претседател,
- Комплетно се пополнува записникот и една копија се доставува до општина Демир Хисар, кај одговорното лице за соработка со месните заедници. На записникот задолжително се става печат на месната/урбана заедница,
- Доколку не се постапи според ова Упатство, општина Демир Хисар ќе превземе соодветни активности за реализирање на изборниот процес, согласно Законот за локална самоуправа, Правилата за работа на месните заедници на општина Демир Хисар и Статутот на општина Демир Хисар.

**Општина Демир Хисар**

**Градоначалник**

**Никола Најдовски**

-----------------------------------